

Slow Food®
Macedonia

ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА на Секции

www.slowfood.mk



Издавач: **Slow Food Macedonia © 2019**
Издание: **01**
Датум: **30.06 2019 година**

Дизајн и графичко уредување: **Горан Трсунов**
Фото кредит © **Slow Food Macedonia архива**

ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА
на Секции

Врз основа на член 19 од Статутот на Слоу Фуд Македонија, Националниот совет на седницата одржана на ден 30.06 2019 година го донесе следниот

ПРАВИЛНИК ЗА ОСНОВАЊЕ И РАБОТА НА СЕКЦИИТЕ НА СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА

Член 1

Секциите може да се поделат според полето на интерес на членовите на Слоу Фуд Македонија.
За формирање на стручна секција се потребни најмалку тројца членови Слоу Фуд Македонија.

Член 2

Иницијатива за формирање на секција поднесуваат најмалку тројца членови на Слоу Фуд Македонија, до Националниот одбор (НО), во писмена форма.
Иницијативата ја разгледува и му дава препорака на Националниот совет (НС) истата да биде прифатена т.е. формирана или одбиена, со образложение.
За формирање на Секција одлука носи НС на Слоу Фуд Македонија.

Член 3

Секциите се формираат по принцип на паралелност, односно секоја формирана секција мора по својот обем и интерес на работа, односно поле на активност да биде на приближно исто ниво со останатите секции.
Формирањето на секциите се врши според пројавената потреба и иницијатива на група на членови и истата има за цел да групира одредена специфична група или профил на членови, кои имаат одередена тема на интерес или специфична цел или активности за реализација на визијата на Слоу Фуд. Секцијата треба да овозможи поголема функционалност,

градење на капацитетите на групата на членови, креативност и слобода во делувањето во специфичната тема или област.
Не е возможно да се формира секција која според својот интерес и поле на делување претставува само продлабочување на една од постојните секции.

Член 4

Секоја Секција има свој координатор.
Координаторот на Секцијата го избира НС на Слоу Фуд Македонија, на предлог од НО.

Член 5

Координаторот на секцијата е должен да изготви план и програма за работа на секцијата, која ја доставува на разгледување на Националниот одбор на Слоу Фуд Македонија.
Годишниот план за наредна година и извештај за изминатата година, најпрво се презентират пред Националниот одбор, потоа и пред Националниот совет. Истите се вклучени во годишните планови и извештаи на организацијата.
Прифатените активности НО ги инкорпорира во програмата за работа на Слоу Фуд Македонија.

Член 6

Координаторот на секцијата може да присуствува на состаноците на Но и НС на Слоу Фуд Македонија, со цел да ги информира за текот на активностите и проектите кои сссекцијата ги реализира, но нема право на глас при донесување на одлуките на НО.

Член 7

Доколку бројот на членовите во една постојна секција се намали под три, истата престанува да постои. Доколку бројот се намали под 3, секцијата не е активна и работи спротивно на принципите и филозофијата на организацијата, престанува да постои.
Одлука за престанување на работа секцијата носи НС на Слоу Фуд Македонија.

Член 8

Секцијата за потребите на своето на работење може да поседува посебна банкарска сметка во Слоу Фуд Македонија, преку која би се финансирало нејзиното работење. Финансиските средства на сметката би биле од прилози на членовите на секцијата, спонзори и донатори, средства од Слоу Фуд Македонија, наменети за секцијата. Увид во сметката има координаторот на секцијата и НО.

Член 9

Право на толкување на одредбите од овој правилник има НС на Слоу Фуд Македонија, а меѓу две седници на НС тоа право го има НО.

Член 10

Постапката за менување на овој правилник е иста како и постапката за негово донесување.

Член 11

Овој Правилник е донесен на седницата на НС на Слоу Фуд Македонија одржана на ден 30.06.2019 година.

